**Соопштение до медиумите**

**Регионална Конференција за развој на едукација во јавно здравство во ЈИЕ**
**"ЕДУКАЦИЈА ВО ЈАВНО ЗДРАВСТВО - НОВИ ПЕРСПЕКТИВИ"**
**18-21 мај 2006, Охрид, Македонија**

Ве известуваме дека од 18-21 мај 2006 година, во хотелот "Белви" во Охрид ќе се одржи **Регионалната конференција за развој на едукацијата по јавно здравство во земјите на Југоисточна Европа**.
Мисијата на конференцијата е процена на направениот прогрес во развојот на постдипломската едукација во мултидисциплинарната област на јавно здравство во земјите на ЈИЕ, како и разгледување на новите едукативни пристапи во Новото јавно здравство, и идентификација на можностите за поврзување на формалната едукација во јавното здравство и професионалните перспективи во оваа област, како одговор на современите текови и потребите на јавно-здравствените системи во регионот. На конференцијата ќе учествуваат претставници од земјите во регионот (**Албанија, Бугарија, Романија, Словенија, Србија и Црна Гора, Хрватска**), како и од **Израел, Германија и САД**.

**Конференцијата ќе ја отворат проф. д-р Магдалена Жантева-Наумоска**, декан на Медицинскиот факултет во Скопје и **проф. д-р Јованка Бислимовска-Караџинска**, координатор на Центарот/Школата за јавно здравство. Во овој дел, воведни предавања ќе одржат и претставниците на Асоцијацијата на школите по јавно здравство во Европа (АСПХЕР) **проф. д-р Теодор Тулчински**, професор на Брауновата Школа за јавно здравство од Ерусалим, Израел и **проф. д-р Улрих Ласер** од Универзитетот за здравствени науки од Билефилд, Германија, кои ќе дадат свој осврт на перспективите за развој на едукацијата по јавно здравство по земјите во Југоисточна Европа.

Во рамките на Конференцијата, на **18 мај во 19:00 ќе се одржи и промоција** на Толковникот по јавно здравство, во издание на Медицинскиот факултет од Скопје и ФИОО - Македонија. Ова прво авторско дело од областа на јавното здравство во Македонија, чии рецензенти се **академик д-р Момир Поленаковиќ** и **проф. д-р Владимир Цветанов**, е продолжение на преводот на книгата на "Новото јавно здравство" од Теодор ТУлчински и Елена Варавикова - и двете изданија се официјални учебни помагала во додипломската и постдипломската медицинска едукација во земјава. **Книгата ќе ја промовираат проф. д-р Магдалена Жантева-Наумоска и проф. д-р Теодор Тулчински**.

Уредници на делото се: проф. д-р Јованка Бислимовска-Караџинска, проф. д-р Драган Ѓорѓев, асс. д-р Владимир Кендровски, доц. д-р Михаил Кочубовски, м-р Неда Милевска-Костова, проф. д-р Каќа Поповска-Јовановска, проф. д-р Моме Спасовски, проф. д-р Елисавета Стикова, проф. д-р Билјана Таушанова и доц. д-р Фимка Тозија, а свој придонес во дооформувањето на толковникот дадоа и професори и асистенти од катедрите по епидемиологија и здравствена екологија на Медицинскиот факултет.
Со излегувањето од печат на овој толковник, постдипломските студии по јавно здравство и Медицинскиот Факултет добиваат **вредно четиво кое ќе биде од интерес не само за студентите на постдипломските студии по јавно здравство, туку и на студентите и наставниците на додипломските и постдипломските студии од сродните области на повеќе факултети на универзитетите во РМ, како и на пошироката стручна јавност**.

Школа за јавно здравство, Медицински факултет, Скопје